**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**

**Агенција за заштита на личните податоци**
**Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale**

Бр. 04-1067/15
14.10.2020 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20), генералниот секретар на Агенцијата за заштита на лични податоци, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати за работните места број 1 и 2 по Интерен оглас бр. 02/2020 за унапредување на два административни службеника**

1. Во врска со Интерниот оглас бр. 02/2020 за унапредување на два административни службеника објавен на 1.10.2020 година, а според Записникот од спроведено интервју со финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат бр. 04-1067/14 од 13.10.2020 година од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана со Решение бр. 04-1067/6 од 13.10.2020 година, СЕ ИЗБИРААТ:
   - за работното место број 1: УПР 01 01 В01 000 – Советник за мислења, претставки и предлози, Одделение за нормативно-правни работи, Сектор за правни работи и струно-оперативна поддршка, кандидатот **Хатип Мемети**;
   - за работно место број 2: УПР 01 01 В01 000 – Советник за меѓународна соработка и односи со јавноста, Одделение за меѓународна соработка и односи со јавноста, Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка, кандидатот **Блерим Бајрами**.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на веб-страницата на Агенцијата за заштита на личните податоци.
3. Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, ќе се донесат решенија за унапредување на административните службеници.

**Образложение**

По добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-1406/2 од 3.2.2020 година за унапредување, Агенцијата за заштита на личните податоци на ден 1.10.2020 година објави на веб-страницата на Агенцијата и веб-страницата на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр. 02/2020 за унапредување на два административни службеника.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од страна на генералниот секретар на Агенцијата, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со Решение бр. 04-1067/6 од 13.10.2020 година за работните места со број 1 и 2.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата спроведе административна селекција за што состави Записник бр. 04-1067/11 од

13.10.2020 година. По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју, за што е составен Записник од спроведено интервју со финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат бр. 04-1067/14 од 13.10.2020 година.

Оттука, врз основа на Записникот од административната селекција и Записникот од спроведеното интервју, а според вкупно освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведено интервју со финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат 04-1067/14 од 13.10.2020 година година на интервјуираните кандидати за интерен оглас кои ги достави на понатамошно постапување на ден 14.10.2020 година до генералниот секретар на Агенцијата.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи го предвид наведеното, генералниот секретар на Агенцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**Генерален секретар,**
**Леонора Кадрији**

Доставено до:
- Кандидатите,
- Човечки ресурси,
- Архива.

Изработиле: М.М.
С.Н.

бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, П. фах 417, 1000 Скопје
bul. Goce Delçev nr. 18, F. Postar 417, 1000 Shkup
тел./tel.: ++ 389 2 3230-635; www.dzlp.mk; e-mail: info@privacy.mk